**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 20. 10. 2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4631 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА ЕДЕН ДООЕЛ Тетово;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 5 до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 20 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА ЕДЕН ДООЕЛ Тетово, емитуван од 5 до 13 октомври 2017 година, на албански и македонски јазик, на регионално ниво Д8 - Попова Шапка (Тетово, Гостивар, Врапчишта, Боговиње, Брвеница, Теарце, Јегуновце, Желино), **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот од 6 часот до 24 часот, а од дневно-информативните емисии анализирани се вестите во 22 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Во деветдневниот период, од 5 до 13 октомври 2017 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, централното издание на вестите во продукција на ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА ЕДЕН емитувано од 22 часот, опфати 9 изданија со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 1 час 44 минути и 21 секунда, така што не беше достигнат релевантниот методолошки примерок од минимум 2 часа дневно-информативна програма за извлекување оценки за начинот на известување.

*Посебни информативни емисии*

Во вторите девет дена од изборната кампања ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА ЕДЕН емитуваше и неколку посебни информативни емисии со учесници во изборниот процес.

*Дебати*

Во емисијата „Алтернатива" емитувана на 6 октомври 2017 година, реализирана како интервју, гостин беше Берзах Бејтулаху од ДУИ. Темата беше: Локалните избори и кандидатите за градоначалници. Водителот нагласи дека биле поканети и претставници од ДПА, БЕСА, ПДП и Алијансата за Албанците, но истите не одговориле на поканата. Во текот на деветдневниот извештаен период емисијата е репризирана два пати.

На 9 октомври 2017 година, беше емитувано ново издание на емисијата „Алтернатива" овојпат реализирана како дебата. Гости беа Исен Анаси – ДУИ и Амил Елези – Беса. Претставниците од Алијансата на Албанците и ДПА не одговориле на поканата. Емисијата за време на извештајниот период беше репризирана три пати.

## 7. Опис на прекршувањето: /

## 8. Предлог-мерка: /

***Сектор за програмски работи***

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 20. 10. 2017
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 4632 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 5 до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 20 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, емитуван од 5 до 13 октомври 2017 година, на македонски јазик, на регионално ниво ДЗ - Туртел (Штип, Карбинци, Зрновци, Чешиново - Облешево, Пробиштип, Кочани, Македонска Каменица, Делчево, Виница, Пехчево, Берово), **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма во периодот од 6 до 24 часот. Од дневно-информативните емисии се анализираа вестите во 17 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Во овој извештаен период, од 5 до 13 октомври, поради технички пречки и прекини во снимките, анализирани беа шест изданија на дневно-информативната емисија која се емитува во 17 часот. Вкупното траење на прилозите од вестите изнесува 1 час и 53 минути и 55 секунди. Во овој период, медиумот во вестите најмногу известуваше за активностите на политичките партии во периодот на изборната кампања, во 1 час 9 минути и 38 секунди од вкупното време посветено на дневно-информативните содржини. Сепак, не беше достигнат релевантниот методолошки примерок од минимум 2 часа дневно-информативна програма за извлекување оценки за начинот на известување на медиумот.

*Посебни информативни емисии*

Во овие 9 дена од изборната кампања беа регистрирани и посебни информативни емисии - дебати преземени од медиумите на државно ниво ТВ 24 Вести („24 Отворено") и ТВ 21-М („Клик Плус").

*Дебати*

На 5 октомври, беа емитувани и репризирани две изданија на емисијата „24 Отворено". Од 06:00:00 до 07:33:07, беше прикажана дебата со кандидатите за градоначалници на Град Скопје: Ѓорѓи Тодоров - кандидат за градоначалник од НДМ, Башким Османи - кандидат за градоначалник од Алијанса на Албанците, Наум Бајрами - кандидат за градоначалник на партијата Алијанса за Албанците, Петре Шилегов- кандидат за градоначалник на Коалицијата предводена од СДСМ, Марија Џонс - кандидатка за градоначалничка од партијата Левица и Ванчо Шехтански - кандидат за градоначалник од редовите на ТМРО. На поканата за учество во дебатата не одговориле кандидатите за градоначалници од партиите ВМРО ДПМНЕ, Беса и ДПА. Во емисијата, кандидатите имаа можност да презентираат дел од своите програми како и да им бидат поставени прашања од страна на публиката. Емисијата беше репризирана од 13:01:13 до 14:46:28.

Истиот ден, беше прикажано уште едно издание на емисијата „24 Отворено", со почеток од 17:24:36 до 17:45:58. Дебатата овој пат беше одржана во Домот на културата во Охрид, а во неа учествуваа кандидатите за градоначалници на Охрид: Јован Стојановски - кандидат за градоначалник од Коалицијата предводена од СДСМ и Стевче Стевоски - независен кандидат за градоначалник. Покана за учество добил и кандидатот за градоначалник од редовите на Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ но не одговорил на поканата. Емисијата беше репризирана уште во два наврати истиот ден, во термините 17:53:26-18:34:38 и 18:39:11-19:05:13, како и на 6 октомври од 06:06:55 до 07:35:32.

На 6 октомври беше емитувана емисијата „Клик Плус", преземена од ТВ 21- М, од 17:30:50 до 17:52:20. Во емисијата гостуваа: Наташа Петровска – кандидатка за градоначалничка на Битола од Коалицијата на

СДСМ, и независните кандидати за градоначалници на Битола, Кирчо Ташков и Јорго Огненовски. Гостите разговараа на теми поврзани со изборите и програмите на кандидатите за локалните избори. Емисијата беше репризирана во повеќе наврати, истиот ден од 18:02:52 до 18:41:49, и на 7 октомври од 06:23:31 до 07:23:57.

*Актуелно-информативни програми*

На 10 октомври, на ТВ Стар, од 22:58:53 до 23:40:30 беше емитувана емисијата „Во Центар" на Васко Ефтов. Емисијата беше компилација на најжестоките интервјуа од сезоната 2017-2018 година. Во неа, во различни временски периоди гостуваа: Божидар Димитров - историчар и политичар од Бугарија, Муса Ламалари - прв човек на албанската дијаспора, Мирослав Грчев - архитект и колумнист, Здравко Савевски - од партијата Левица, Агим Јонуз - колумнист/аналитичар и Југослав Петрушиќ - поранешен разузнавач. Емисијата беше репризирана на 11 октомври, од 17:28:40 до 18:20:10.

**7. Опис на прекршувањето: /**

**8. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 20. 10. 2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4633 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво Телевизија КОБРА ДОО Радовиш;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 5 до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 20 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија КОБРА ДОО Радовиш, емитуван од 5 до 13 октомври 2017 година, на македонски јазик, на регионално ниво Д4 - Боскија (Радовиш, Конче, Василево, Босилово, Струмица, Ново Село, Валандово, Богданци, Дојран, Гевгелија), **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма во периодот од 6 до 24 часот. Од дневно-информативните емисии, предмет на анализа беа вестите во 17 часот и 30 минути.

*Дневно-информативни емисии*

Во извештајниот период од 5 до 13 октомври, поради технички пречки, беа регистрирани и анализирани пет изданија на вестите во 17 часот и 30 минути, со вкупно траење на прилозите од 55 минути и 2 секунди. Од нив вкупно 51 минута и 50 секунди беа посветени на активностите на политичките партии во периодот на изборната кампања. Сепак, не беше достигнат релевантниот методолошки примерок од минимум 2 часа дневно-информативна програма за извлекување оценки за начинот на известување на медиумот.

*Посебни информативни емисии*

Во вториот извештаен период од изборната кампања на ТВ Кобра, беа регистрирани неколку посебни информативни емисии.

*Дебати*

На 6 октомври, со почеток во 20:23:13 до 20:51:46 емитувана е „Дебатна емисија на ТВ Кобра" во која беа поканети кандидатите за градоначалници од Коалициите на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, за општина Василево. Бидејќи кадидатот за градоначалник од Коалицијата предводена од СДСМ ја одбил поканата, емисијата доби формат на интервју со кандидатот на Коалицијата предовдена од ВМРО ДПМНЕ, Ванчо Стојанов, во која тој претстави дел од својата програма за локалните избори. Емисијата е репризирана на 8 октомври, од 13:49:23 до 14:05:21.

Уште едно издание на „Дебатна емисија на ТВ Кобра" е емитувано на 7 октомври, од 20:30:30 до 20:40:01. Во дебатата учествуваа носители на советнички листи и тоа: Енис Омеров - носител на советничка листа од ДПТ, Игор Петков - носител на независна советничка листа, Коле Чаракчиев - носител на советничка листа од Коалицијата предводена од СДСМ и Горан Коцев - носител на независна советничка листа. Во емисијата, кандидатите имаа можност да презентираат делови од своите програми. Емисијата е репризирана на 8 октомври, од 14:09:02 до 15:18:34.

На 9 октомври, емитувано е уште едно издание на „Дебатна емисија на ТВ Кобра" и тоа од 20:39:11 до 21:14:40. За учество во емисијата добиле покана кандидатите за градоначалници на општина Радовиш од Коалициите предводени од ВМРО ДПМНЕ и СДСМ. Кандидатот за градоначалник од Коалицијата на СДСМ ја одбил поканата, со што емисијата доби формат на интервју со кандидатот од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, Сашо Николов. Емисијата се репризираше на 13 октомври, од 20:35:31 до 22:54:15.

На 10 октомври, од 20:29:52 до 21:17:27 емитуваше уште едно издание на „Дебатна емисија на ТВ Кобра". Покана за учество во емисијата добиле тројцата кандидати за градоначалници на општина Валандово, од кои поканата ја прифатиле Перо Костадинов - кандидат за градоначалник од Коалицијата

предводена од СДСМ и независниот кандидат Стојан Манолев. Кандидатот за градоначалник од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ - Николче Чурлиновски не се одзвал на поканата за учество во дебатата. Емисијата се репризираше на 13 октомври, од 23:03:02 до 23:50:36.

За учество во „Дебатна емисија на ТВ Кобра", емитувана на 11 октомври, на поканата одговориле: Иван Франгов - кандидат за градоначалник за општина Гевгелија од Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ и Сашо Поцков - кандидат за градоначалник за општина Гевгелија од Коалицијата на СДСМ. Тие во емисијата имаа можност да презентираат делови од своите изборни програми. Емисијата се репиризираше на 13 октомври, од 18:34:42 до 19:51:56.

На 12 октомври, повторно е емитувана „Дебатна емисија на ТВ Кобра", која овој пат имаше форма на интервју со кандидатот за градоначалник на општина Богданци од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ - Никола Роглев, бидејќи поканата упатена кон Блажо Шопов - кандидатот за градоначалник од Коалицијата на СДСМ била одбиена. Емисијата беше репризирана на 13 октомври, од 16:02:50 до 16:21:58 часот.

*Интервјуа*

ТВ Кобра, на 8 октомври, емитуваше интервју со кандидатот за градоначалник на општина Конче од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, Благој Јованов. Емисијата беше емитувана со почеток од 20:23:16 со траење до 20:34:31 и во неа гостинот објаснуваше делови од програмата за локалните избори.

На 9 октомври, беше емитувано и интервју со кандидатот за градоначалник на општина Конче од Коалицијата предводена од СДСМ - Благој Илиев, со почеток од 20:31:36 до 21:47:53. Исто како и неговиот противкандидат, тој имаше можност да претстави делови од кампањата за локалните избори.

На 10 октомври, ТВ Кобра, со почеток од 21:31:05 до 21:47:40 емитуваше интервју со кандидатот за градоначалник на општина Босилево, од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ во кое тој имаше можност да ги запознае гласачите со програмата на партијата наменета за Босилево.

**7. Опис на прекршувањето: /**

**8. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 20.10.2017

| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 4634 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 5 до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 20 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип, емитуван од 5 до 13 октомври 2017 година, на македонски јазик, на регионално ниво Д3 - Туртел (Штип, Карбинци, Зрновци, Чешиново - Облешево, Пробиштип, Кочани, Македонска Каменица, Делчево, Виница, Пехчево, Берово), **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма во периодот од 6 до 24 часот. Од дневно-информативните емисии се анализираа вестите во 20 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Во овој извештаен период, од 5 до 13 октомври, регистрирани беа осум изданија на дневно-информативната емисија која се емитува секој ден освен недела, во 20 часот. Вкупното траење на прилозите од вестите изнесува 1 час, 45 минути и 58 секунди. Во овој период, медиумот во вестите најмногу известуваше за активностите на политичките партии во периодот на изборната кампања, во 55 минути и 25 секунди од вкупното време посветено на дневно-информативните содржини. Сепак, методолошки оваа минутажа не е доволна за извлекување оценки за начинот на известување на медиумот.

*Посебни информативни емисии*

*Дебати*

ТВ Ирис, во текот на овој извештаен период, емитуваше повеќе дебатни емисии превземени од ТВ 24 Вести. Станува збор за емисиите „24 Анализа" и „24 Отворено"- дебата.

На 5 октомври, беше емитувана емисијата „24 Отворено", во 10:13:21 со траење до 11:41:58. Во дебатата учествуваа кандидатите за градоначалници на Охрид: Јован Стојановски - кандидат за градоначалник на Охрид од Коалицијата предводена од СДСМ и Стевче Стевоски - независен кандидат за градоначалник. Покана за учество добил и кандидатот за градоначалник од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, Митко Тилевски, но тој ја одбил поканата. Во емисијата, кандидатите имаа можност да презентираат дел од своите програми како и да им бидат поставени прашања од страна на публиката.

На 6 октомври, од 11:17:04 до 11:40:18, беше репризирана емисијата „24 Анализа" во која гостуваа: Петар Арсовски - политички аналитичар, Валентин Зафиров - поранешен судија и Драган Малиновски-адвокат. Гостите разговараа за судскиот процес поврзан со случајот „Монструм".

ТВ Ирис, на 10 октомври со почеток во 10:22:59 до 11:25:22, ја емитуваше емисијата „24 Отворено" посветена на последните активности на Специјалното Јавно Обвинителство и одземените материјали од компјутерот на судијата Панчевски. Во емисијата гостуваа: Маргарита Цаца Николовска - поранешен судија во Европскиот суд за човекови права и Богданчо Гогов - универзитетски професор. Емисијата беше репризирана и на 11 октомври, од 09:52:22 до 10:54:17.

На 12 октомври, се емитуваше уште едно издание на дебатната емисија „24 Отворено", од 09:58:16 до 10:56:37. Водителот, на почетокот на дебатата, објасни дека покана за учество во дебатата добиле двајцата кандидати за градоначалници на Штип, од ВМРО-ДПМНЕ и од СДСМ, но дека поканата ја прифатил само кандидатот за градоначалник од редовите на СДСМ - Благој Бочварски. Затоа наместо дебата беше направено интервју во кое се говореше за проблемот со загадената вода во Штип, искористеноста на термалните води, намалување на цената на водата и проблемот со паркинг местата во градот. Истата емисија беше репризирана на 13 октомври во периодот од 10:34:04 до 11:32:24 часот.

ТВ Ирис, на 13 октомври ја емитуваше и емисијата „24 Анализа" во која гостуваа: Мирјана Јовановска-Стојановска - психолог и Ѓорѓи Хаџи Ангелковски - психијатар. Темата за дискусија гласеше: „Политичката

кампања во фото-финиш. Доаѓа живот или почнува нова ера?". Емисијата беше емитувана во периодот од 17:46:07 до 18:39:14 часот.

*Интервјуа*

На 6 октомври, со почеток во 17:46:32 до 18:40:47, емитувано е интервју во рамки на емисијата „24 Анализа" во кое гостуваше Кочо Анѓушев – потпретседател на Владата за економски прашања. Во емисијата се разговараше за активностите на Анѓушев и за реакциите на опозицијата во врска со неговата работа. Ова издание на емисијата беше репризирано на 9 октомври, од 10:27:24 до 11:21:23.

Емисијата „Неделно интервју" преземена од Радио Слободна Македонија, на ТВ Ирис беше емитувана на 8 октомври, од 17:34:48 до 17:45:04. Гостин во емисијата беше Александар Чичаковски - претседател на Државната изборна комисија. Емисијата беше репризирана истиот ден, од 19:50:00 до 20:00:16.

На 9 октомври, се емитуваше емисијата „Отворено на тема" - регионален политички магазин. Гостин во емисијата беше универзитетскиот професор, аналитичар и пратеник - Стево Пендаровски. Темата на разговорот беше насочена кон подготвеноста на МВР за спроведување на изборите. Емисијата беше емитувана од 17:39:29 до 18:29:11, а беше репризирана на 10 октомври од 12:20:40 до 13:08:42.

ТВ ИРИС, на 10 октомври ја емитуваше емисијата „Отворено на тема" во која гостуваше Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска. Темите опфатени во интервјуто беа заедничката регионална политика на НАТО, внатрешната и надворешната политика на Република Македонија, состојбите во АРМ и работата на Владата. Емисијата беше емитувана од 17:39:00 до 18:35:10, а беше репризирана на 11 октомври од 11:57:04 до 12:55:30.

На 11 октомври, во два наврати беше емитувана емисијата „Отворено на тема", во различни изданија и со различни гости. Првото издание се емитуваше во 17:29:39 до 18:12:26, а беше репризирана на 12 октомври од 13:04:05 до 13:44:13. Гостин во емисијата беше Иван Бојаџиски - кандидат за советник за Штип од Коалицијата предводена од СДСМ. Во второто издание на емисијата „Отвроено на тема" гостуваше Љубе Здравков - кандидат за советник на Штип од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Во емисијата, гостинот имаше можност да претстави делови од програмата на Коалицијата. Емисијата беше емитувана од 18:33:07 до 19:09:36, а репризирана на 12 октомври од 12:05:42 до 12:41:11.

На 12 октомври, медиумот емитуваше уште две изданија на емисијата „Отворено на тема". Првото издание беше емитувано од 17:37:57 до 18:13:21 и во него гостуваше носителот на советничката листа за општина Штип од Коалицијата предводена од СДСМ - Ален Георгијев. Кандидатот во емисијата имаше можност да даде свои видувања на текот на предизборната кампања. Емисијата беше репризирана на 13 октомври, од 09:57:06 до 10:32:50.

Второто издание на емисијата „Отворено на тема" беше емитувано од 18:49:04 до 19:29:16, со гостинот Иван Јорданов - носител на советничка листа за општина Штип од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. Гостинот во емисијата зборуваше за потребите на младите во општината, предизборната кампања како и за неговите заложби за подобрување на состојбите во општина Штип. Репризата на ова издание беше емитувана на 13 октомври, од 12:31:55 до 13:14:20 часот.

**7. Опис на прекршувањето: /**

**8. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:
- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 20.10.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4635 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 5 октомври до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 20 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно

членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, емитуван од 5 октомври до 13 октомври 2017 година, на македонски јазик, на регионално ниво, (Д4), **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот, а од дневно-информативните емисии анализирани се вестите во 17 часот и 30 минути.

*Дневно-информативни емисии*

Во деветдневниот период, од 5 октомври до 13 октомври 2017 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, централното издание на вестите во продукција на ТВ-КАНАЛ ВИС, емитувано од 17 часот и 30 минути, опфати 9 изданија со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 2 часа 13 минути и 6 секунди.

*Табела 1: Структура на темите по субјекти*

| ТВ Вис | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Активности на органите на власт** | | | |
| Влада на РМ | 00:06:54 | 15.14 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:18 | 11.63 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:22 | 3.00 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:08:58 | 19.68 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:12:07 | 26.59 | % |
| Судство | 00:05:57 | 13.06 | % |
| Други субјекти | 00:02:47 | 6.11 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:08 | 2.49 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:03 | 2.30 | % |
| Вкупно за тема: | 00:45:34 | 100 | % |
| **Активности на ДИК и други органи** | | | |
| ДИК и други органи | 00:01:28 | 100.00 | % |
| Вкупно за тема: | 00:01:28 | 100 | % |
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| Граѓански сектор | 00:03:08 | 40.09 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:04:14 | 54.16 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:27 | 5.76 | % |
| Вкупно за тема: | 00:07:49 | 100 | % |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:33:55 | 43.34 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:41:47 | 53.40 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:02:33 | 3.26 | % |
| | Вкупно за тема: 01:18:15 | 100 | % |

**Вкупно: 02:13:06**

Делот од прилозите, во кој преку информативни жанрови, ТВ КАНАЛ-ВИС известуваше за кампањите на политичките партии и коалиции учесници на претстојните локални избори, опфаќа 1 час 18 минути и 15 секунди од вкупното време на дневно-информативните содржини (Табела 1).

Медиумот известуваше за изборните активности на Коалицијата предводена од СДСМ, на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и на Народно движење за Македонија. Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ беше застапена во 41 минута и 47 секунди, додека Коалицијата предводена од СДСМ, беше застапена во 33 минути и 55 секунди. За Народно движење за Македонија се одвоени 2 минути и 33 секунди.

ТВ КАНАЛ-ВИС отстапи значителен простор во дневно-информативните емисии на „Активностите на органите на власт", во времетраење од 45 минути и 34 секунди. Во најголем дел информираше за активностите на Локалната самоуправа – 13 минути и 10 секунди. Известуваше за: приемот на првачињата од Струмица во Детската организација, при што беше емитувана изјава на Костадин Костадинов, в.д. градоначалник на Струмица, беше емитуван прилог за претставувањето на Струмица на саем во Германија, потоа имаше и прилог за европската манифестација „Ритамот на Европа", на која ќе биде домаќин Општина Василево, имаше изјава на претседателот на Советот на Општина Струмица, Јосиф Христов во врска со одржувањето на последната седница на Советот на Општина Струмица, а имаше и интервју со Ѓоко Ристовски, раководител на канцеларија за меѓународна соработка при Општина Струмица, во кое зборуваше за проектот за прекугранична соработка, финансиран од фондови на Европската Унија. На второ место се најдоа прилозите во кои се известуваше за Органите на државната управа – 8 минути и 58 секунди, а на трето тековните активностите на Владата на Република Македонија – 6 минути и 54 секунди.

*Табела 2: Директни обраќања на субјектите*

| ТВ Вис | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:36:54 | 40.87 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:30:05 | 33.32 | % |
| Влада на РМ | 00:01:53 | 2.09 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:54 | 2.10 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:03:37 | 4.01 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:11:56 | 13.22 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:44 | 1.92 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:02:14 | 2.47 | % |
| | **Вкупно: 01:30:17** | 100 | % |

Директните обраќања во Табела 2 ја следат логиката на застапеноста на субјектите од Табела 1. Најмногу време за директни обраќања се одвоени за Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ – 36 минути и 54 секунди, а потоа за Коалицијата предводена од СДСМ - 30 минути и 5 секунди.

*Посебни информативни емисии*

*Дебати*

На 07.10.2017 г. се емитуваше емисијата „Клик Плус“ (преземена од ТВ 21). Дебата во која учествуваа кандидатите за градоначалници на општина Битола: Наташа Петровска - кандидатка од СДСМ и коалицијата, Кирчо Ташков - независен кандидат за градоначалник на Битола и Јорго Огненовски - независен кандидат за градоначалник на Битола. Емисијата е репризирана 07.10.2017 г.

На 08.10.2017 г. се емитуваше емисијата „Клик Плус“. (преземена од ТВ 21). Дебата во која учествуваа кандидатите за градоначалник на општина Куманово: Дритон Сулејмани од БЕСА, Максим Димитриевски од СДСМ, Башким Османи од Алијансата за Албанците и Бесник Мемеди од ДПА.

*Интервју*

Во извештајниот период ТВ КАНАЛ-ВИС емитуваше едно интервју и негова реприза.

- „Неделно интервју“ со Александар Чичаковски, Претседател на Државната изборна комисија. Интервју преземено од Радио Слободна Европа.

7. **Опис на прекршувањето: /**

8. **Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:
- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ
20.10.2017
Прилог: 1
10 4636

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 5 до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 20 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово, емитуван од 5 до 13 октомври 2017 година, на македонски јазик, на регионално ниво Д8 - Попова Шапка (Тетово, Гостивар, Врапчишта, Боговиње, Брвеница, Теарце, Јегуновце, Желино), **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**.

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот во периодот од 6 до 24 часот, а од дневно-информативните емисии анализирани се вестите во 22 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Анализата е спроведена врз вкупно девет изданија на вестите. Вкупното траење на прилозите релевантни за мониторингот изнесува 3 часа, 8 минути и 25 секунди.

*Табела 1: Структура на темите по субјекти*

| ТВ Кисс | | |
|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент |
| Активности на органите на власт | | |
| Јавно обвинителство | 00:00:36 | 10.00 % |
| Влада на РМ | 00:04:20 | 72.22 % |
| Собрание на РМ | 00:00:32 | 8.89 % |
| Други субјекти | 00:00:32 | 8.89 % |
| | Вкупно за тема: 00:06:00 | 100 % |
| Активности на ДИК и други органи | | |
| ДИК и други органи | 00:05:49 | 100.00 % |
| | **Вкупно за тема: 00:05:49** | 100 % |
| Други теми поврзани со избори | | |
| Граѓански сектор | 00:13:57 | 64.14 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:45 | 8.05 % |
| Алијанса на Албанците | 00:01:45 | 8.05 % |
| Независни кандидати | 00:00:46 | 3.52 % |
| Беса | 00:00:41 | 3.14 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:00:41 | 3.14 % |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:00:41 | 3.14 % |
| Влада на РМ | 00:01:29 | 6.82 % |
| | **Вкупно за тема: 00:21:45** | 100 % |
| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:11:05 | 7.16 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:57:49 | 37.34 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:55:43 | 35.98 % |
| Беса | 00:13:06 | 8.46 % |
| Алијанса на Албанците | 00:06:31 | 4.21 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:05:04 | 3.27 | % |
| Независни кандидати | 00:05:33 | 3.58 | % |
| | **Вкупно за тема: 02:34:51** | 100 | % |

**Вкупно: 03:08:25**

Делот од прилозите во кој преку информативни жанрови, се известуваше за кампањите на политичките партии и коалиции учесници на претстојните локални избори, опфаќа најмногу од анализираното време, 2 часа 34 минути и 51 секунда (Табела 1), што значи дека во фокусот на вестите на ТВ Кисс во овој извештаен период, беа предизборните активности на политичките субјекти претежно во регионот што го покрива (Тетово, Гостивар, Врапчишта, Боговиње, Брвеница, Теарце, Јегуновце, Желино). Медиумот известуваше за различните изборни активности на политичките партии, како: прес-конференции на кои кандидати презентираа делови од своите програми, митинзи и средби со граѓани. Најмногу време е одвоено за двете коалиции од македонскиот политички блок, со приближно исто време издвоено за активностите на двете коалиции. Коалицијата предводена од СДСМ беше застапена со 57 минути и 49 секунди, а Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, беше застапена со 55 минути и 43 секунди. ТВ Кисс информираше и за активностите на партиите и коалициите од албанскиот политички блок: за Беса 13 минути и 6 секунди, за ДУИ - Демократска унија за интеграции одвои 11 минути и 5 секунди, за Алијанса на Албанците - 6 минути и 31 секунда. Со помал обем, медиумот информираше и за активностите на независните кандидати - 5 минути и 33 секунди, како и за ДПА- Демократска Партија на Албанците со 5 минути и 4 секунди.

Вкупно 21 минута и 45 секунди од вкупното анализирано време во дневно-информативните содржини, се посветени на активностите на различни субјекти кои се категоризирани како други теми поврзани со изборите: одржување на панел дискусии организирани од граѓанските организации, потпишување на разни документи и платформи организирани од граѓанските организации, а на кои учествуваа и претставници на власта и политичките партии како и упатени честитки за државниот празник 11 Октомври.

*Табела 2: Структура на директни обраќања*

| ТВ Кисс | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:51:16 | 32.74 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:50:42 | 32.38 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:04:04 | 2.60 | % |
| Беса | 00:12:26 | 7.94 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:10:36 | 6.77 | % |
| Независни кандидати | 00:04:57 | 3.16 | % |
| Граѓански сектор | 00:09:54 | 6.32 | % |
| ДИК и други органи | 00:03:28 | 2.21 | % |
| Влада на РМ | 00:01:11 | 0.76 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:06:49 | 4.35 | % |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:00:37 | 0.39 | % |
| Други субјекти | 00:00:34 | 0.36 | % |
| | **Вкупно: 02:36:34** | **100** | **%** |

Структурата на директните обраќања во Табела 2 ја следи логиката на застапеноста на субјектите од Табела 1. Времето посветено на директните обраќања на двете најмногу застапени Коалиции на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ е приближно еднакво и најмногу застапено. За директните обраќања на претставниците од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ посветени се 51 минута и 16 секунди, а за директните обраќања на претставниците од Коалицијата предводена од СДСМ - 50 минути и 42 секунди. Од партиите во албанскиот блок, најмногу време е посветено на директните обраќања на претставниците на партијата Беса- 12 минути и 26 секунди, додека за директните обраќања од партијата ДУИ - Демократска унија за интеграции посветени се 10 минути и 36 секунди.

*Посебни информативни емисии*

Во текот на деветдневниот извештаен период на ТВ Кисс беа емитувани две посебни информативни емисии.

*Дебати*

На 11 октомври, со почеток во 20:24:46 со траење до 21:51:13, емитувана беше дебатна емисија во организација на хуманитарното и добротворно здружение на Ромите - „Месечина" од Гостивар. Во дебатата земаа учество кандидатите за градоначалници за општина Гостивар и тоа од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, ДУИ, Коалиција Алијанса за Албанците, партијата Алијанса за Албанците и Беса. Темата за која се дебатираше се однесуваше на деловите од програмите кои се однесуваат на намерите за вклучување, напредок, помош и интеграција на Ромите во општеството. Емисијата беше репризирана на 12 октомври, од 17:43:17 до 19:09:35 и на 13 октомври, од 10:32:04 до 11:58:31.

*Интервјуа*

Во текот на овој деветдневен период ТВ Кисс емитуваше и една посебна информативна емисија, која се вбројува во форматот на интервју, во која гостуваше претседателот на ДИК - Александар Чичаковски. Емисијата „Неделно интервју" медиумот ја презема од Радио Слободна Европа и ја емитуваше на 8 октомври од 19:15:12 до 19:25:29 часот. Темата на емисијата се однесуваше на барањата за промени или бришење на податоците од избирачкиот список и дали вкупниот број на запишани гласачи ја одразува реалната состојба во земјата.

7. **Опис на прекршувањето: /**

8. **Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:
**д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 20.10.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4637 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ ЕДЕН ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Велес;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 5 до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 20 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ ЕДЕН ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Велес, емитуван од 5 до 13 октомври 2017 година, на македонски јазик, на регионално ниво Д1 - Црн Врв-Велес (Велес, Лозово, Свети Николе, Чашка, Градско, Росоман, Неготино, Кавадарци, Демир Капија), **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот од 6 до 24 часот, а од дневно-информативните емисии анализирани се вестите во 20 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Во деветдневниот период од мониторингот на изборното медиумско претставување, централното издание на вестите во продукција на КАНАЛ ЕДЕН ТЕЛЕВИЗИЈА, емитувано од 20 часот, опфати 9 изданија со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 2 часа 22 минути и 18 секунди.

*Табела 1: Структура на темите по субјекти*

| ТВ Канал 1 | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент | |
| Активности на органите на власт | | | |
| Локална самоуправа | 00:01:09 | 13.02 | % |
| Влада на РМ | 00:00:39 | 7.36 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:19 | 14.91 | % |
| Претседател на РМ | 00:02:25 | 27.36 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:54 | 21.51 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:24 | 15.85 | % |
| Вкупно за тема: | 00:08:50 | 100 | % |
| Активности на ДИК и други органи | | | |
| ДИК и други органи | 00:01:30 | 100.00 | % |
| Вкупно за тема: | 00:01:30 | 100 | % |
| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:06:22 | 50.29 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:54:27 | 41.26 | % |
| Левица | 00:03:40 | 2.78 | % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:00:47 | 0.59 | % |
| ТМРО | 00:01:50 | 1.39 | % |
| Независни кандидати | 00:04:52 | 3.69 | % |
| Вкупно за тема: | 02:11:58 | 100 | % |

**Вкупно: 02:22:18**

Прилозите во кои главно, преку информативни жанрови, се известуваше за кампањите на политичките партии и коалиции учесници на локалните избори, сочинуваа 2 часа 11 минути и 58 секунди (Табела 1) од мониторираното издание на дневно -информативната програма. Тоа е сегментот од вестите од кој се извлекуваат квантитативни оценки за балансот во известувањето, согласно принципите од Изборниот законик на еднаквост за градоначалничките кандидати и пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за советници, при што треба да се има предвид интензитетот на активностите на политичките субјекти во рамките на кампањата.

И во овој последен извештаен период пред Локалните избори, во фокусот на медиумот беше изборната кампања и активностите на учесниците на изборите, претежно во регионот што го покрива (Велес, Лозово, Свети Николе, Чашка, Градско, Росоман, Неготино, Кавадарци, Демир Капија). Во најголем дел тоа се однесуваше на кандидатите од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ застапена со 1 час, 6 минути и 22 секунди и на Коалицијата предводена од СДСМ застапена со 54 минути и 27 секунди.

Покрај овие две коалиции, во дневно-информативната програма медиумот во помал обем известуваше и за активностите на уште три политички партии со помал број кандидати на избирачките листи (ТМРО, НСДП и Левица) и за активностите на независниот кандидат за градоначалник на Кавадарци, Борис Давидов.

Вкупно време од 8 минути и 50 секунди во вестите беше одвоено за прилози посветени на тековни активности на органите на власт, релевантни за мониторингот во вториот извештаен период од изборната кампања.

*Табела 2: Структура на директни обраќања*

| ТВ Канал 1 | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:24:27 | 47.58 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:22:07 | 43.04 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:52 | 1.69 | % |
| Независни кандидати | 00:01:51 | 3.60 | % |
| Левица | 00:01:05 | 2.11 | % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:00:18 | 0.58 | % |
| ТМРО | 00:00:43 | 1.39 | % |
| | **Вкупно: 00:51:23** | 100 | % |

Медиумот одвои приближно еднаков простор за директни обраќања на претставниците од двете коалиции со најголем број кандидати – за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ 24 минути и 27 секунди, а за Коалицијата предводена од СДСМ 22 минути и 7 секунди.

*Посебни информативни емисии*

Во овој втор извештаен период од изборната кампања, телевизијата емитуваше две интервјуа со кандидати за градоначалници на Локалните избори 2017.

На 12 октомври во емисијата „Интервју со..." беше емитувано интервјуто со Аце Коцевски, кандидат за градоначалник на Велес од Коалицијата предводена од СДСМ.

На 13 октомври гостин во емисијата „Интервју со..." беше Славчо Чадиев, кандидат за градоначалник на Велес од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ.

7. **Опис на прекршувањето: /**

8. **Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 20. 10. 2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4638 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 5 октомври до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 20 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван од 5 октомври до 13 октомври 2017 година, на ромски и на македонски јазик, на регионално ниво, (Д1) **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот, а од дневно-информативните емисии анализирани се вестите во 19 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Во деветдневниот период, од 5 октомври до 13 октомври 2017 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, централното издание на вестите („Гласот на Ромите") во продукција на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитувано од 19 часот, опфати 8 изданија[1] со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 2 часа 37 минути и 37 секунди.

*Табела 1: Структура на темите по субјекти*

| ТВ Шутел | | |
|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** |
| Активности на органите на власт | | |
| Влада на РМ | 00:02:07 | 33,25 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:37 | 9,69 % |
| Судство | 00:03:38 | 57,07 % |
| Вкупно за тема: | 00:06:22 | 100 % |
| Активности на ДИК и други органи | | |
| ДИК и други органи | 00:06:06 | 100,00 % |
| Вкупно за тема: | 00:06:06 | 100 % |
| Други теми поврзани со избори | | |
| Влада на РМ | 00:03:47 | 29,60 % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:01:24 | 10,95 % |
| Независни кандидати | 00:01:22 | 10,69 % |
| Други субјекти | 00:03:50 | 29,99 % |
| Претседател на РМ | 00:02:24 | 18,77 % |
| Вкупно за тема: | 00:12:47 | 100 % |
| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:49:57 | 37,74 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:44:57 | 33,96 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:16:06 | 12,16 % |
| Беса | 00:17:43 | 13,38 % |
| Левица | 00:00:13 | 0,16 % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:01:55 | 1,45 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:31 | 1,15 % |

[1] На 7 октомври немаше издание на вестите.

| | | |
|---|---|---|
| Вкупно за тема: 02:12:22 | 100 | % |

**Вкупно: 02:37:37**

Делот од прилозите, во кој преку информативни жанрови, се известуваше за кампањите на политичките партии и коалиции учесници на претстојните локални избори, опфаќа 2 часа 12 минути и 22 секунди од вкупното време на дневно-информативните содржини (Табела 1). Од овој сегмент од вестите се извлекуваат квантитативни оценки за балансот во известувањето, согласно принципите на пропорционалност и еднаквост од Изборниот законик, при што треба да се има предвид интензитетот на активностите на политичките субјекти во рамките на кампањата.

Во овој извештаен период ТВ Шутел најчесто известуваше за изборните активности на политичките пратии кои имаат кандидатски листи во Општина Шуто Оризари. Коалицијата предводена од СДСМ беше застапена во 49 минути и 57 секунди, додека Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, беше застапена во 44 минути и 57 секунди. Телевизијата информираше и за другите четири партии кои имаат кандидатски листи во Општина Шуто Оризари: Беса беше застапена во 17 минути и 43 секунди, ДУИ - Демократска унија за интеграции во 16 минути и 6 секунди, Сојузот на Ромите од Македонија во 1 минута и 55 секунди и ДПА - Демократска партија на Албанците во 1 минута и 31 секунда.

*Табела 2: Директни обраќања на субјектите*

| ТВ Шутел | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:07:22 | 56,45 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:05:41 | 43,55 | % |
| | **Вкупно: 00:13:03** | 100 | % |

Табелата 2 покажува дека ТВ Шутел одвои многу малку време за директни обраќања во извештајниот период, само 13 минути и 3 секунди.

*Посебни информативни емисии*

*Дебати*

На 06.10.2017 г. се емитуваше емисијата „Ромска дебата". Дебата во која учествуваа носителите на советничките листи во општина Шуто Оризари: Сеад Исмаили од СРМ, Геге Демировски од СДСМ, Мамудије Ибраими од ДУИ и Арсим Емини од БЕСА.

На 09.10.2017 г. се емитуваше емисијата „Ромска дебата". Дебата во која учествуваа кандидатите за градоначалник во општина Шуто Оризари: Џелал Чајани од ДУИ, Фаик Садики од ДПА. Мухамед Цури од БЕСА и Курто Дудуш - СДСМ. Емисијата е репризирана истиот ден.

7. **Опис на прекршувањето: /**

8. **Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:
**д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 20.10.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Организ. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4639 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 5 до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 20 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ, емитуван од 5 до 13 октомври 2017 година, на македонски јазик, на регионално ниво Д6 - Мали Влај (Охрид, Струга, Вевчани, Дебарца), **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот од 6 часот до 24 часот, а од дневно-информативните емисии анализирани се вестите во 22 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Во деветдневниот период од мониторингот на изборното медиумско претставување, беа анализирани 8 изданија на вестите во продукција на ТВ М, емитувани од 22 часот, со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 1 час 22 минути и 33 секунди, така што не беше достигнат релевантниот методолошки примерок од минимум 2 часа дневно-информативна програма за извлекување оценки за начинот на известување.

*Посебни информативни емисии*

Во последниот извештаен период пред Локалните избори 2017, телевизијата емитуваше специјализирана дебатна емисија „Избори 2017" во која гостуваа кандидати за градоначалници и советници во општините од регионот што го покрива медиумот.

На 5 октомври гости во емисијата „Избори 2017" беа Кирил Пецаков – носител на листата за советници во Советот на Општина Охрид од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ и Константин Георгиевски – носител на листата на советници од Коалицијата предводена од СДСМ. Емисијата беше репризно емитувана наредниот ден.

На 6 октомври гостин во емисијата „Избори 2017" беше кандидатот за градоначалник на Охрид од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, Митко Тилески.

На 9 октомври во емисијата „Избори 2017" гостуваа независната кандидатка за градоначалничка на Општина Дебарца, Јадранка Бибан и Зоран Ногачески, кандидатот за градоначалник на истата општина од Коалицијата предводена од СДСМ. Водителот информираше дека актуелниот градоначалник на Општина Дебарца и кандидат за нов мандат од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, Игор Трајкоски, не одговорил на поканата за учество во дебатата. Емисијата беше репризирана наредниот ден.

Во премиерното издание на емисијата на 10 октомври, гостин беше Константин Георгиевски, носител на советничката листа за Општина Охрид од Коалицијата предводена од СДСМ.

На 12 октомври, во емисијата „Избори 2017" гости беа Јован Стојановски, кандидат за градоначалник на Охрид од Коалицијата предводена од СДСМ, Митко Тилески, кандидат за градоначалник на Охрид од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ и независниот кандидат, Стевче Стевоски. Емисијата беше репризирана на 13 октомври.

## 7. Опис на прекршувањето: /

## 8. Предлог-мерка: /

***Сектор за програмски работи***

## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 20.10.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4640 | 1 | |

### ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
### ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ХДТВ МЕГА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 5 септември до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 20 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ХДТВ МЕГА ДООЕЛ Скопје, емитуван од 5 до 13 октомври 2017 година, на македонски и на албански јазик, на регионално ниво Д5 - Пелистер (Битола, Прилеп, Новаци, Могила, Кривогаштани, Долнени, Крушево, Демир Хисар, Ресен, Кичево, Македонски Брод и Пласница), **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот од 6 часот до 24 часот, а од дневно-информативните емисии анализирани се вестите во 20 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Во деветдневниот период, од 5 до 13 октомври 2017 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, централното издание на вестите во продукција на ХДТВ МЕГА емитувано од 20 часот, опфати осум изданија со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 2 часа 19 минути и 36 секунди. На 12 октомври се емитуваше дебатната емисија „Локални избори 2017 – ДЕБАТА" во терминот за Брифинг вестите поради што ова издание на вести не беше емитувано.

*Табела 1: Структура на темите по субјекти*

| ХДТВ Мега | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент | |
| Активности на органите на власт | | | |
| Влада на РМ | 00:08:53 | 70.78 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:28 | 3.72 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:36 | 12.75 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:36 | 12.75 | % |
| | Вкупно за тема: 00:12:33 | 100 | % |
| Активности на ДИК и други органи | | | |
| ДИК и други органи | 00:01:24 | 100.00 | % |
| | Вкупно за тема: 00:01:24 | 100 | % |
| Други теми поврзани со избори | | | |
| Влада на РМ | 00:00:54 | 5.30 | % |
| Независни кандидати | 00:01:43 | 10.12 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:43 | 10.12 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:01:40 | 9.82 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:07 | 6.58 | % |
| Граѓански сектор | 00:06:14 | 36.74 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:01:07 | 6.58 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:02:30 | 14.73 | % |
| | Вкупно за тема: 00:16:58 | 100 | % |
| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:47:52 | 44.04 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција СДСМ и др. | 00:46:29 | 42.77 | % |
| Независни кандидати | 00:07:41 | 7.07 | % |
| Левица | 00:06:39 | 6.12 | % |
| | Вкупно за тема: 01:48:41 | 100 | % |

**Вкупно: 02:19:36**

Прилозите во кои главно, преку информативни жанрови, се известуваше за кампањите на политичките партии и коалиции учесници на претстојните локални избори, сочинуваат 1 час 48 минути и 41 секунда (Табела 1) од мониторираното издание на вестите на ХДТВ МЕГА. Тоа е сегментот од вестите од кој се извлекуваат квантитативни оценки за балансот во известувањето, согласно принципите на пропорционалност и еднаквост од Изборниот законик, при што треба да се има предвид интензитетот на активностите на политичките субјекти во рамките на кампањата. Во овој извештаен период, во фокусот на медиумот беше изборната кампања и активности на политичките субјекти претежно во регионот што го покрива Д5 - Пелистер (Битола, Прилеп, Новаци, Могила, Кривогаштани, Долнени, Крушево, Демир Хисар, Ресен, Кичево, Македонски Брод и Пласница). Во најголем дел тоа се однесуваше на предизборните активности и претставувањето на кандидатите за градоначалници и советници од двете коалиции кои добија приближно исто време во дневно информативната програма. Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ која е застапена со 47 минути и 52 секунди и Коалицијата предводена од СДСМ застапена со 46 минути и 29 секунди. Покрај овие две коалиции, во дневно-информативната програма медиумот во помал обем известуваше и за активностите на независните кандидати и на Левица.

За активностите на власта информираше со траење од 12 минути и 33 секунди, најмногу поради прилозите посветени на тековните обврски на министерот за надворешни работи Никола Димитров. Државната изборна комисија времето од 1 минута и 24 секунди (Табела 1) го доби преку прилогот поврзан за приговорите на општинските изборни комисии. Прилозите за други теми поврзани со избори траат 16 минути и 58 секунди (Табела 1). Во оваа тема се категоризирани прилозите кои информираат за инцидентот и загинувањето на носителот на советничката листа во Кичево, за лицата со оштетен вид кои за првпат самостојно ќе гласаат на локалните избори, за Илиоски кој беше на работен состанок со ВМРО Народна партија и др.

Во сите прилози со информативни жанрови, најмногу време за директни обраќања има за претставниците на Коалицијата предводена од СДСМ – 39 минути и за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 35 минути и 21 секунда.

*Табела 2: Директни обраќања на субјектите*

| ХДТВ Мега | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:35:21 | 37.00 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:39:00 | 40.82 | % |
| Левица | 00:05:13 | 5.46 | % |
| Влада на РМ | 00:03:14 | 3.38 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:43 | 0.75 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:49 | 0.85 | % |
| Независни кандидати | 00:06:16 | 6.56 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:51 | 2.98 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:01:13 | 1.27 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:53 | 0.92 | % |

| | |
|---|---|
| Вкупно: 01:35:33 | 100 % |

*Посебни информативни емисии*

Во вторите девет дена од изборната кампања ХДТВ МЕГА емитуваше една дебата со кандидатите за градоначалник за општина Битола.

*Дебати*

На 12 октомври 2017 година, се емитуваше премиерното издание на емисијата „Локални избори 2017 – ДЕБАТА". Водител беше: Марија Чулакоска. Темите беа: Што имаат да понудат кандидатите за градоначалник за развојот на Битола во понатамошниот четиригодишен период; Економијата во Битола; Решенија за аерозагадувањето; Како ќе помогнете на најмладите и највозрасните жители на Битола?; Спортот и културата во Битола; Од каде средства за реализација на проектите?. Учесници беа: Зоран Илиоски - кандидат од ВМРО ДПМНЕ и независните кандидати Јорго Огненовски и Кирчо Ташков. Гостувањето на кандидатката за градоначалник од СДСМ, Наташа Петровска е откажано во последен момент под изговор дека има поклопување во агендата.

**7. Опис на прекршувањето: /**

**8. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 20.10.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4641 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво К ТРИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Куманово;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 5 до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 20 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво К ТРИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Куманово, емитуван од 5 до 13 октомври 2017 година, на македонски и на албански јазик, на регионално ниво Д2 - Страцин (Куманово, Липково, Старо Нагоричане, Ранковце, Крива Паланка, Кратово), **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот од 6 часот до 24 часот, а од дневно-информативните емисии анализирани се вестите во 20 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Во деветдневниот период, од 5 до 13 октомври 2017 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, централното издание на вестите во продукција на К ТРИ ТЕЛЕВИЗИЈА емитувано од 20 часот, опфати девет изданија со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 1 час 30 минути и 15 секунди, така што не беше достигнат релевантниот методолошки примерок од минимум 2 часа дневно-информативна програма за извлекување оценки за начинот на известување.

*Посебни информативни емисии*

Во вторите девет дена од изборната кампања К ТРИ ТЕЛЕВИЗИЈА емитуваше три постари изданија на посебни информативни емисии насловени „Досие“ со водителката Анита Петровска Рајковиќ, кои се превземени од ТВ Нова, како и серија на интервјуа со кандидати за градоначалници од редовите на ВМРО ДПМНЕ и на СДСМ.

*Дебати*

На 5 октомври 2017 година, емисијата „Досие“ беше на тема: земјотресите во Скопје. Соговорници беа: Михаил Гаревски-директор на ИЗИИС и Лидија Крстевска-раководител на „лаб.ИЗИИС. Емисијата имаше информативно научен карактер и се концентрираше на фактите и научната пракса од областа.

На 6 октомври 2017 година, емисијата „Досие“, беше со гостите: Марија Лончар - Организација на потрошувачи на Македонија; Маријан Додовски совет на потрошувачи при град Скопје и Соња Солевска - Пазарна инспекција. Тема беа потрошувачките права од нормативен и социолошки аспект.

На 11 октомври 2017 година, емисијата „Досие“ беше на тема: Ќе има ли судири, ќе има ли војна во Македонија? Соговорници беа астролозите Илија Бошков Крајнички и Симеон Атанасовски и аналитичарите Владимир Божиновски и Златко Кецковски. Астролозите даваа предвидувања за идните безбедносни ризици од астролошки аспект, а во еден дел од емисијата анализираа каков профил на личности генерално се македонските политичари во контекст на справување со безбедносни ризици. Аналитичарите пак, дискутираа за безбедносната состојба во контекст на тогаш актуелните протести од иницијативата „За заедничка Македонија“, заклучувајќи дека нема сериозен безбедносен ризик, но постои можност од радикализација.

*Интервјуа*

На 8 октомври 2017 година, се емитуваше интервју во *емисијата: „Локални избори 2017“- (специјална емисија за локалните избори).* Водител беше Виолета Зафировска Петровиќ. Гостин: Борјанчо Мицевски - кандидат за градоналник на Крива Паланка од СДСМ и коалицијата. Темите беа: Текот на изборната

кампања; Инфраструктурни проекти; Гасификацијата на градот; Подобрување на ефикасноста на општината; Развојот на спортот, туризмот културата; Проекти од образованието и др. Гостинот ја презентираше својата програма. Интервјуто во извештајниот период е еднаш репризирано.

На 9 октомври 2017 година, беше емитувано ново издание на Емисијата: „Локални избори 2017" со водителот Виолета Зафировска Петровиќ. Гостин беше: Арсенчо Алексовски-кандидат за градоначалник на Крива Паланка од ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата. Теми беа: Поднесената кривична пријава против градоначалникот и претседателот на советот; Водоснабдувањето во населените места; Инфраструктурни и сообраќајни решенија; Култура, спорт и туризам. Гостинот презентацијата на својата програма во значителен дел ја насочи кон промоција на реализираните проекти и преку говорење за изборните ветувања на неговиот противкандидат. Реприза бележиме наредниот ден.

На 10 октомври 2017 година, гостин во емисијата беше Максим Димитриевски - кандидат за градоначалник на Куманово од СДСМ и коалицијата. Теми беа: Текот на изборната кампања; Водоснабдувањето во општината; Финансирање на општината; Инфраструктурни и сообраќајни решенија; Заштита на животната средина и гасификацијата; Култура и туризам. Емисијата е репризирана на 11 октомври.

Интервјуто на 12 октомври 2017 година беше со Зоран Ѓорѓиевски - кандидат за градоначалник на Куманово од ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата. Темите беа: Текот на изборната кампања; Финансирање на општината; Инфраструктурни и сообраќајни решенија; Урбанизација; Заштита на животната средина и гасификацијата; Култура,спорт и туризам. На 13 октомври беше репризата на емисијата.

7. **Опис на прекршувањето: /**

8. **Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 20.10.2017
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 4642 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин,Сарај;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 5 до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 20 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговско радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај, емитуван од 5 до 13 октомври 2017 година, на бошњачки и на македонски јазик, на регионално ниво (Д1-Црн Врв – Скопје), **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот во периодот од 6 до 24 часот, а од дневно-информативните емисии анализирани се вестите во ударниот термин, во 18 часот. Содржини поврзани со Локалните избори медиумот емитуваше само во рамки на вестите.

*Дневно-информативни емисии*

Вкупното траење на анализираните прилози во вестите изнесува 3 часа, 25 минути и 26 секунди.

*Табела 1: Структура на темите по субјекти*

| ТВ Едо | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Активности на органите на власт** | | | |
| Претседател на РМ | 00:01:40 | 3.05 | % |
| Други субјекти | 00:05:05 | 9.31 | % |
| Влада на РМ | 00:24:00 | 43.94 | % |
| Специјално обвинителство | 00:03:11 | 5.83 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:08:28 | 15.50 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:54 | 5.31 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:45 | 5.04 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:48 | 1.46 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:00:48 | 1.46 | % |
| Судство | 00:04:58 | 9.09 | % |
| | Вкупно за тема: 00:54:37 | 100 | % |
| **Активности на ДИК и други органи** | | | |
| ДИК и други органи | 00:02:56 | 70.68 | % |
| Други субјекти | 00:01:13 | 29.32 | % |
| | Вкупно за тема: 00:04:09 | 100 | % |
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| Влада на РМ | 00:08:03 | 22.90 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:02:54 | 8.25 | % |
| Граѓански сектор | 00:05:38 | 16.03 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:30 | 4.27 | % |
| Други субјекти | 00:02:57 | 8.39 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:17 | 17.88 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:32 | 1.52 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:01:08 | 3.22 | % |
| АРМ | 00:00:32 | 1.52 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:48 | 5.12 | % |
| Судство | 00:02:02 | 5.78 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:36 | 1.71 | % |
| Беса | 00:00:36 | 1.71 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:36 | 1.71 | % |
| | Вкупно за тема: 00:35:09 | 100 | % |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:52:56 | 47.47 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:36:42 | 32.91 | % |
| Беса | 00:03:43 | 3.33 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:38 | 0.57 | % |
| ТМРО | 00:00:38 | 0.57 | % |
| Левица | 00:00:38 | 0.57 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:09:57 | 8.92 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:01:29 | 1.33 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:43 | 1.54 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:03:07 | 2.79 | % |
| | Вкупно за тема: 01:51:31 | 100 | % |
| | **Вкупно: 03:25:26** | | |

Распоредот на времето во Табела 1 покажува дека ТВ Едо интензивно ја следеше изборната кампања за Локалните избори 2017 година. Имено, 1 час 51 минута и 31 секунда од вестите биле прилози од кампањата што е повеќе од половина од вкупното анализирано време. Фокусот во известувањето беше ставен на активностите на кандидатите и претставниците од двете коалиции – едната на ВМРО ДПМНЕ и другата на СДСМ кои имаат најмногу кандидати за градоначалници и за советници во регионот што го покрива овој медиум и кои имаат добиено најмногу време - првата приближно 53 минути, а втората 36 минути и 42 секунди. Третманот на двете коалиции од кампањските активности на терен беше приближно еднаков. За Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ има околу 16 минути повеќе отколку за Коалицијата предводена од СДСМ, поради реакциите на ВМРО ДПМНЕ за актуелни теми или за работата на власта. Реакциите беа за работењето на Владата предводена од СДСМ по парламентарните избори (за економски пад и влегување во рецесија, за префрлени големи суми на сметките на невладините организации, за уништување и хаос во образовниот процес и недостаток на учебници за учениците во основните училишта, за нереализирани проекти и злоупотреби за стекнување на лични богатства, како и за злоупотреби, закани, уцени и притисоци врз граѓаните и за непостоење на одвоеност помеѓу партијата и државата).

Телевизијата известуваше и за активностите на: ДУИ (9 минути и 57 секунди), Беса (3 минути и 43 секунди), ГРОМ (3 минути и 7 секунди) и на други политички партии со помало времетраење.

За активностите на власта е информирано во прилози со траење од 54 минути и 37 секунди.

*Табела 2: Структура на директни обраќања*

| ТВ Едо | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| Претседател на РМ | 00:00:30 | 0.51 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:18 | 1.34 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:27:16 | 28.08 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:46:48 | 48.19 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Граѓански сектор | 00:02:01 | 2.08 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:23 | 2.45 | % |
| Влада на РМ | 00:05:01 | 5.17 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:18 | 1.34 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:02:27 | 2.52 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:33 | 1.60 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:16 | 1.30 | % |
| Други субјекти | 00:03:00 | 3.09 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:08 | 1.17 | % |
| АРМ | 00:00:15 | 0.26 | % |
| Беса | 00:00:19 | 0.33 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:16 | 0.27 | % |
| ТМРО | 00:00:18 | 0.31 | % |
| | **Вкупно: 01:37:07** | **100** | **%** |

Директните обраќања во Табела 2 ги потврдуваат заклучоците од Табела 1. Најмногу време за директни обраќања е одвоено за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 46 минути и 48 секунди, потоа за Коалицијата предводена од СДСМ - 27 минути и 16 секунди. Од другите учесници на локалните избори 2017, директни обраќања се одвоени и за: ГРОМ со 2 минути и 27 секунди, ДУИ со 1 минута и 16 секунди, Беса со 19 секунди, ТМРО со 18 секунди и за Народно движење за Македонија 16 секунди.

**7. Опис на прекршувањето: /**

**8. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:
**д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 20. 10. 2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4643 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 5 до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 20 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно

членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

